РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Секретаријат за европски прашања**
**Бр. 20-1231/1**
**01.07.2022 година**

Врз основа на член 40-б од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 12/2003, 55/2003, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 10/2010, 51/2011, 15/13, 139/14, 196/15 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19) и врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 и член 56 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19), заменикот на претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, го донесе следното:

# УПАТСТВО
## за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош на Владата на Република Северна Македонија

## I. Основи одредби

1. Со ова упатство се уредува начинот и постапката за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош на Владата на Република Северна Македонија во надлежност на Секретаријатот за европски прашања (СЕП) кои се финансирани со неповратни парични средства од странски донатори и за кои е предвидена постапка за ослободување од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ), а за кои претходно е склучен соодветен меморандум или договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и странскиот донатор (меѓународни организации и фондови, влади, органи и организации во состав на странски влади).

2. Одредбите од ова упатство се применуваат за сите проекти финансирани со неповратни парични средства од странски донатори наменети исклучиво за државни или јавни институции и/или организации,фондации и/или непрофитни организации,со статус на резиденти во Република Северна Македонија.

3. Договорот од точка 1 од ова упатство е договор со кој е предвидено дека донираните средства не смеат да бидат предмет на плаќања на царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ) во Република Северна Македонија, при набавки или увоз на стоки и услуги за потребите на проектот.

4. Централната база на податоци за странска помош на Владата на Република Северна Македонија (ЦДАД) е електронска база на податоци со кориснички

интерфејс во која се регистрираат проектите од точка 1 на ова упатство и е јавно достапна на веб- страницата на СЕП.

5. Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања со решение овластува лице задолжено за водење на ЦДАД и потпишување на потврди за регистрација на проекти во ЦДАД (во натамошниот текст: овластено лице).

## II. Постапка за регистрација на проект во ЦДАД

6. Постапката за регистрација на проект во ЦДАД започнува со поднесување на барање (Образец бр.1) до СЕП од страна на субјектот којшто добил грант од странски донатор (понатаму во текстот „подносителот"). Барањето може да го достави лично, по пошта до Одделението за архивско и канцелариско работење на СЕП или по електронски пат.
Добиеното барање, доставено по електронски пат, овластеното лице од т.5 на ова Упатство веднаш и без одлагање го доставува на заверка до Одделението за архивско и канцелариско работење на СЕП.

7. Подносителот го поднесува барањето за регистрација на проектот во ЦДАД пополнето, потпишано од овластено лице и заверено со печат на проектот или спроведувачот на проектот.
Барањето задолжително содржи податоци за:
- корисниците на проектот, односно сите државни или јавни институции и/или организации,фондации и/или непрофитни организации кои се резиденти во Република Северна Македонија, и
- имплементаторите на проектот, односно субјектите задолжени за реализација на проектот, резиденти и нерезиденти во Република Северна Македонија, како и подружниците на имплементаторите – нерезиденти во Република Северна Македонија кои се јавуваат како имплементатори на проектот.

8. Кон барањето од точка 6 на ова Упатство, подносителот, задолжително доставува:
- Копија од Договорот за донација/финансирање, склучен помеѓу корисникот или субјектот за спроведување на проектот (имплементаторот) и странскиот донатор, вклучувајќи ги и сите анекси кон тој договор доколку такви постојат;
- Копија од целокупната проектна документација;
- Буџетската рамка на проектот;
- Документ потпишан од страна на донаторот со кој се утврдува датумот на започнување и датумот на завршување на проектот (периодот на имплементација на проектот) доколку истиот не е утврден во договорот за грант.

Дополнително, СЕП може да побара да бидат доставени и:
- Меморандум или договор склучен меѓу Владата на Република Северна Македонија и странскиот донатор (меѓународна организација или фонд, влада, органи и организации во состав на странска влада);

- Копија од партнерски договор во случаи кога подносителот на барањето за регистрација на проект не е главен носител на проектот;
- Резиме на проектот;
- Копија од договор со субјект кој не е предвиден во основниот договор за грант и друго.

9. По приемот на документите, тие веднаш се заведуваат и проследуваат до овластеното лице кое е должно да ја разгледа поднесената документација и доколку утврди одредени неправилности да го извести подносителот, во писмена форма или по меил, за потребата од доставување на дополнителна документација или исправка на поднесените документи во рок од пет дена од денот на приемот на известувањето. Доколку не се достават бараните документи или не се изврши бараната исправка, овластеното лице ќе донесе заклучок за отфрлање на барањето.

10. Подносителот може повторно да бара регистрација на проектот со поднесување на ново барање и достава на потребната документација.

11.Доколку не се исполнети условите за регистрација на проектот, подносителот ќе биде известен за причините поради кои не може да се изврши регистрација на проект.

12. Овластеното лице по службена должност ги проверува податоците за подносителот во интернет дистрибутивниот центар на Централниот регистар на Република Северна Македонија. Овластеното лице печати копија од извршениот преглед која веднаш се заведува и чува во списите на предметот.

13. По приемот на целосна документација, овластеното лице во рок од 7 дена издава потврда за регистрација на проектот во ЦДАД во писмена или електронска форма, односно во формата во која било поднесено барањето.

14. Овластеното лице може да направи приоретизација при регистрацијата на проекти единствено за проекти со пократок рок на имплементација, како и за проекти во кои од договорот за набавка е видливо дека имаат краток рок за испорака.

10. Потврдата за регистрација на проектот во ЦДАД ги содржи следните информации:
- Назив на проектот на македонски јазик;
- Назив на проектот на англиски јазик;
- Вредност на донацијата/странската помош;
- Датум за започнување и датум на завршување на имплементацијата на проектот според податоците наведени во договорот за донација/финансирање;
- Назив на донаторот;
- Име на спроведувачот (имплементаторот) на проектот;
- Име на одговорното лице за реализација на проектот;
- Назив на субјектот – корисник на проектот, и

- Износ на доделени средства на субјектот– корисник на проектот.

11. Секретаријатот за европски прашања по службена должност и по електронски пат ја доставува потврдата до Управата за јавни приходи, а по потреба и до Министерството за финансии, во рок од три дена од денот на издавањето.

12.Сите одредби од постапката за регистрација на проект кои се однесуваат на поднесувањето на барањето, известувања, дополнување или исправка на документи, рокови и сл. соодветно се применуваат и во постапките за продолжување на регистрација на проект, промена на податоци за регистриран проект и за поништување на издадена потврда.

## III. Постапка за продолжување на регистрација на проект во ЦДАД, за промена на податоци за регистриран проект и за поништување на издадена потврда за регистрација во ЦДАД

13.Подносителот може да побара **продолжување на проектот** во ЦДАД за што поднесува барање (Образец бр.2) до Одделението за архивско и канцелариско работење во СЕП. Во прилог на барањето се доставува:

- Копија од Анексот на Договорот за донација/финансирање, склучен помеѓу корисникот или субјектот за спроведување на проектот (имплементаторот), и странскиот донатор (или негов овластен претставник), вклучувајќи го датумот до кој се продолжува имплементацијата на проектот и/или зголемувањето на износот на донацијата;
- Буџетската рамка на проектот, доколку има и
- Копија од Потврдата за регистрација на проектот во ЦДАД, и
- Копија од Заклучок за направена промена во основната потврда за регистрација на регистриран проект во ЦДАД.

Во исклучителни случаи, СЕП може да побара дополнително да бидат доставени и:

- Официјално писмо за продолжување на проектот од донаторот.
- Копија од договор со субјект кој не е предвиден во основниот договор за грант и
  друго.

14. Подносителот може да побара **промена на податоци за регистриран проект** во ЦДАД за што поднесува барање (Образец бр.2) до СЕП. Во прилог на барањето се доставува копија од документот врз основа на кој се бара промена на потврдата и копија од потврдата за регистрација на проектот во ЦДАД.

15.Подносителот може да побара **поништување на издадена потврда за регистрација** на проект во ЦДАД за што поднесува барање (Образец бр.2) до Одделението за архивско и канцелариско работење во СЕП. Во прилог на барањето се

доставува и Примерок од Потврдата за регистрација на проект за која се бара поништување (оригинал).

## IV. Контрола и надзор над работата со ЦДАД

16.Секторот за координација на европски фондови и друга странска помош е надлежен за контрола и надзор над работата со ЦДАД (регистрација на проект, продолжување на регистрација, промена на податоци за регистриран проект како и за поништување на издадена потврда во ЦДАД).

17.Овластеното лице најдоцна до 10ти во тековниот месец, е должно да достави извештај за работата од претходниот месец до државниот секретар и кабинетот на Заменикот на претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања. Извештајот содржи податоци за:

- бројот на примени барања,
- бројот на издадени потврди за регистрирани проекти, и
- бројот на тековни предмети кои се во фаза на изработка.

18.Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

19.Со влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош со архивски бр.11-373/1 од 25.02.2016 година.

м-р Бојан Маричиќ

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Подготвиле: Љубица Караманди Попчевски
и Благица Митковска
Согласни: Љубиша Стефаноски
Александра Вуковиќ

Образец 1

До
Секретаријат за европски прашања
Ул. Кеј Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

# Б А Р А Њ Е

**за регистрација на проект**
во *Централната база на податоци за странска помош*
на Владата на Република Северна Македонија *(CDAD)*

датум: __ / __ / ____

______________________________________________
/назив на проектот на македонски јазик/

______________________________________________
/назив на проектот на англиски јазик/

финансиран од [1] : ______________________________

Со овој поднесок, бараме од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија, да го регистрира горенаведениот проект во *Централната база на податоци за странска помош* на Владата на Република Северна Македонија (CDAD) и соодветно да издаде потврда согласно *член 2 став 2* од *„Правилникот за начинот на спроведување на даночното ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на промет на добра и услуги наменети за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација склучен помеѓу Република Северна Македонија и странски донатор во кој е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци"* на Министерството за финансии, („Службен Весник на РМ" бр.98/2014 од 30 јуни 2014 година), како и согласно *член 3 став 1* од *„Правилникот за начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност и акцизи при увоз на добра - стоки наменети за реализација на проект кој се финансира со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен меѓу Република Северна Македонија и странски донатори, во кој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат увозни давачки, даноци и акцизи како и формата и содржината на Барањето за остварување на ослободувањето како и потребната документација"* на Министерството за финансии („Службен Весник на РСМ" бр. 312 од 29 декември 2020 година), и согласно договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ____________ од ________ година, *донаторот)*
во кој стои одредбата дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Северна Македонија.

Воедно, го истакнуваме следното *(дополнете доколку оцените дека има потреба)*:

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

## 1. Основни параметри на проектот * (ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПОПОЛНУВА)

*1.1. вкупен износ на проектот ** : ____________ валута: ______*

*1.2. датум на започнување: __ / __ / _____ датум на завршување: __ / __ / _____*

*1.3. референтен број / ознака на проектот (ако е применливо) : ________________*

## 2. Податоци за донаторот [1] (ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПОПОЛНУВА)

| ДОНАТОР 1. | | |
|---|---|---|
| назив на донаторот: | | |
| адреса (седиште) : | | |
| телефон: | факс: | e-mail: |
| одговорно лице: | | |
| функција: | | оддел: |
| адреса за контакт: | | |
| телефон: | факс: | e-mail: |

(прод.на следна страница)

## 3. Податоци за спроведувачот (имплементатор) на проектот [2]
(ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПОПОЛНУВА ВО ЦЕЛОСТ)

| СПРОВЕДУВАЧ 1. | | |
|---|---|---|
| назив на спроведувачот: | | |
| адреса (седиште) : | | |
| **единствен даночен број - ЕДБ (VAT registration nr.) :** | | |
| телефон: | факс: | e-mail: |
| **име на лице назначено како одговорно за спроведување на проектот** (Тим лидер) : | | |
| функција: | | оддел: |
| адреса за контакт: | | |
| телефон: | факс: | e-mail: |

* Поднесувачот на барањето изјавува дека сите податоци се вистинити. За секоја промена во информациите за проектот, поднесувачот на барањето се обврзува да го информира Секретаријатот за европски прашања во Владата на Република Северна Македонија.

** Под Вкупен износ на проектот се подразбира финансискиот износ на проектот кој е покриен од странската донација/финансиска распределба, без износот на национално/буџетско/сопствено кофинансирање (ова не важи за Проекти од ИПА 2 и ИПА 3 : кај ваквите проекти, се наведува целиот износ, вклучувајќи го и националното кофинансирање).

[1] Во случај да има два или повеќе донатори, се наведуваат сите донатори, а во Табелата бр.2 се пополнуваат соодветен број на табели со податоци за секој од тие донатори (во таков случај, Ве молиме копирајте ја Табелата бр.1 повеќе пати, со наслов ***Донатор 2., Донатор 3.*** итн).

[2] под *Спроведувач (Имплементатор)* на проектот, се подразбира институцијата која ја има одговорноста за спроведувањето на Проектот/Донацијата, како и лицето задолжено како одговорно лице за тој Проект / Донација).

***ПОЈАСНУВАЊЕ***: во случај да постојат две или повеќе институции кои го спроведуваат Проектот, се пополнуваат соодветен број на табели од Табелата бр.3, со податоци за секоја од институциите-спроведувач (односно, во тој случај Ве молиме копирајте ја Табелата бр.3 повеќе пати, со наслов **Спроведувач *2.*, Спроведувач *3.*** итн).

## *4. Податоци за корисникот / корисниците*[3] (ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПОПОЛНУВА ВО ЦЕЛОСТ)

| КОРИСНИК 1. | |
|---|---|
| *назив на корисникот:* | |
| ***износ на проектни средства предвидени за овој Корисник :*** ____________ ***валута:*** _____ | |
| *адреса (седиште) :* | |
| ***единствен даночен број - ЕДБ (VAT registration nr.) :*** | |
| *телефон:* *факс:* | *e-mail:* |
| *одговорно лице:* | |
| *функција:* | *оддел:* |
| *адреса за контакт:* | |
| *телефон:* *факс:* | *e-mail:* |

## *5. Во прилог на ова Барање, доставуваме :*

5.1. *Копија од договорот за донација/финансирање*, склучен помеѓу корисникот или субјектот за спроведување на проектот (спроведувачот), и странскиот донатор (или негов овластен претставник), и од сите евентуални *Анекси* кон тој договор.

5.2. *Копија од целокупната проектна документација (проектна аликација, предлог – проект, проектна задача).*

5.3. *Список со сите долгорочни странски експерти*, кои се (или ќе бидат) ангажирани во проектот.[4]

_________________________
*име и презиме на овластеното лице*

_________________________
*функција на овластеното лице*

*печат на проектот:*

_________________________
*потпис на овластеното лице*

---

[3] под *Корисник/Корисници* на проектот, се подразбира/ат институцијата/ите која/кои е/се краен примател на помошта/донацијата која е предмет на дадениот проект (односно можно е да се наведат повеќе Корисници на проектот).

***ПОЈАСНУВАЊЕ:*** во случај да постојат два или повеќе Корисници на проектот (на пр. повеќе Проектни Партнери), се пополнуваат соодветен број на табели од Табелата бр.4, со податоци за секој од корисниците (односно, во тој случај Ве молиме копирајте ја Табелата бр.4 повеќе пати, со наслов ***Корисник 2., Корисник 3.*** итн).

[4] Доколку е применливо.

Образец бр.2

До
Секретаријат за европски прашања
Ул. Кеј Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

**Б А Р А Њ Е**
**за продолжување на проект /промена на податоци/поништување**
**на потврда за регистрација**[1] во *Централната база на податоци за странска помош*
на Владата на Република Северна Македонија *(CDAD)*

датум: __ / __ / _____

___________________________________________
/назив на проектот на македонски јазик/

___________________________________________
/назив на проектот на англиски јазик/

финансиран од : ___________________________________

I. Со овој поднесок, бараме од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија **продолжување на проект /промена на податоци/поништување на потврда за регистрација** во *Централната база на податоци за странска помош* на Владата на Република Северна Македонија (CDAD) и соодветно да издаде потврда согласно *член 2 став 2* од *„Правилникот за начинот на спроведување на даночното ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на промет на добра и услуги наменети за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација склучен помеѓу Република Северна Македонија и странски донатор во кој е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци“* на Министерството за финансии, („Службен Весник на РМ“ бр.98/2014 од 30 јуни 2014 година), како и согласно *член 3 став 1* од *„Правилникот за начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност и акцизи при увоз на добра - стоки наменети за реализација на проект кој се финансира со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен меѓу Република Северна Македонија и странски донатори, во кој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат увозни давачки, даноци и акцизи како и формата и содржината на Барањето за остварување на ослободувањето како и потребната документација“* на Министерството за финансии („Службен Весник на РСМ“ бр. 312 од 29 декември 2020 година), и согласно договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ____________________ од ___________ година,
*(донаторот)*

во кој стои одредбата дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Северна Македонија.

[1] Да се подвлече/маркира/заокружи за што се однесува барањето

## II. БАРАЊЕТО ГО ПОДНЕСУВАМЕ ЗАРАДИ СЛЕДНОТО:

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

## III. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ

***1. Основни параметри на проектот*** * (ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПОПОЛНУВА)

*1.1. вкупен износ на проектот ** : ____________ валута: ______*

*1.2. датум на започнување: __ / __ / ____ датум на завршување: __ / __ / ____*

*1.3. референтен број / ознака на проектот (ако е применливо) : ________________*

***2. Податоци за донаторот*** [2] (ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПОПОЛНУВА)

| *ДОНАТОР 1.* | | |
|---|---|---|
| *назив на донаторот:* | | |
| *адреса (седиште) :* | | |
| *телефон:* | *факс:* | *e-mail:* |
| *одговорно лице:* | | |
| *функција:* | | *оддел:* |
| *адреса за контакт:* | | |
| *телефон:* | *факс:* | *e-mail:* |

(прод.на следна страница)

* Поднесувачот на барањето изјавува дека сите податоци се вистинити. За секоја промена во информациите за проектот, поднесувачот на барањето се обврзува да го информира Секретаријатот за европски прашања во Владата на Република Северна Македонија (СЕП-СКСП).

** Под Вкупен износ на проектот се подразбира финансискиот износ на проектот кој е покриен од странската донација/финансиска распределба, без износот на национално/буџетско/сопствено кофинансирање (ова не важи за Проекти од ИПА 2 и ИПА 3 : кај ваквите проекти, се наведува целиот износ, вклучувајќи го и националното кофинансирање).

[2] Во случај да има два или повеќе донатори, се наведуваат сите донатори, а во Табелата бр.2 се пополнуваат соодветен број на табели со податоци за секој од тие донатори (во таков случај, Ве молиме копирајте ја Табелата бр.1 повеќе пати, со наслов ***Донатор 2., Донатор 3.*** ... и т.н.).

Образец бр.2

***3. Податоци за спроведувачот (имплементатор)[3] на проектот*** (ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПОПОЛНУВА ВО ЦЕЛОСТ)

| *СПРОВЕДУВАЧ 1.* | | |
|---|---|---|
| *назив на спроведувачот:* | | |
| *адреса (седиште) :* | | |
| ***единствен даночен број - ЕДБ (VAT registration nr.) :*** | | |
| *телефон:* | *факс:* | *e-mail:* |
| ***име на лице назначено како одговорно за спроведување на проектот (Тим лидер) :*** | | |
| *функција:* | | *оддел:* |
| *адреса за контакт:* | | |
| *телефон:* | *факс:* | *e-mail:* |

***4. Податоци за корисникот / корисниците[4]*** (ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПОПОЛНУВА ВО ЦЕЛОСТ)

| *КОРИСНИК 1.* | | |
|---|---|---|
| *назив на корисникот:* | | |
| ***износ на проектни средства предвидени за овој Корисник : ____________ валута: _____*** | | |
| *адреса (седиште) :* | | |
| ***единствен даночен број - ЕДБ (VAT registration nr.) :*** | | |
| *телефон:* | *факс:* | *e-mail:* |
| *одговорно лице:* | | |
| *функција:* | | *оддел:* |
| *адреса за контакт:* | | |
| *телефон:* | *факс:* | *e-mail:* |

[3] под *Спроведувач (Имплементатор)* на проектот, се подразбира институцијата која ја има одговорноста за спроведувањето на Проектот/Донацијата, како и лицето задолжено како одговорно лице за тој Проект / Донација).

*ПОЈАСНУВАЊЕ*: во случај да постојат две или повеќе институции кои го спроведуваат Проектот, се пополнуваат соодветен број на табели од Табелата бр.3, со податоци за секоја од институциите-спроведувач (односно, во тој случај Ве молиме копирајте ја Табелата бр.3 повеќе пати, со наслов **Спроведувач *2.*, Спроведувач *3.*** ... и т.н.).

[4] под *Корисник/Корисници* на проектот, се подразбира/ат институцијата/ите која/кои е/се краен прималтел на помошта/донацијата која е предмет на дадениот проект (односно можно е да се наведат повеќе Корисници на проектот).

*ПОЈАСНУВАЊЕ*: во случај да постојат два или повеќе Корисници на проектот (на пр. повеќе Проектни Партнери), се пополнуваат соодветен број на табели од Табелата бр.4, со податоци за секој од корисниците (односно, во тој случај Ве молиме копирајте ја Табелата бр.4 повеќе пати, со наслов ***Корисник 2., Корисник 3.*** ... и т.н.).

Образец бр.2

## IV. ДА СЕ ИЗБЕРЕ ОПЦИЈА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ТОА ДАЛИ БАРАЊЕТО СЕ ОДНЕСУВА НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ, ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ ИЛИ ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОТВРДА

*ОПЦИЈА 1:* Во прилог на ова **БАРАЊЕ ЗА ПОТВРДА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРОЕКТ**, доставуваме [5]:

- Копија од Анексот на Договорот за донација/финансирање, склучен помеѓу корисникот или субјектот за спроведување на проектот (имплементаторот), и странскиот донатор (или негов овластен претставник), вклучувајќи го датумот до кој се продолжува имплементацијата на проектот и/или зголемувањето на износот на донацијата;
- Буџетската рамка на проектот ( доколку има) и
- Копија од Потврдата за регистрација на проектот во ЦДАД, и
- Копија од Заклучок за направена промена во основната потврда за регистрација на регистриран проект во ЦДАД.

*ОПЦИЈА 2:* Во прилог на ова **БАРАЊЕ ЗА ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ**, доставуваме:

- копија од документот врз основа на кој се бара промена на потврдата и
- копија од потврдата за регистрација на проектот во ЦДАД.

*ОПЦИЈА 3* Во прилог на ова **БАРАЊЕ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОТВРДА**, доставуваме:

- Примерок од Потврдата за регистрација на проект за која се бара поништување.

__________________________________

*име и презиме на овластеното лице*

____________________________

*функција на овластеното лице*

*печат на проектот:*

_________________________

*потпис на овластеното лице*

[5] Дополнително, СЕП може да побара да бидат доставени: официјално писмо за продолжување на проектот од донаторот, копија од договор со субјект кој не е предвиден во основниот договор за грант и друго.